ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 13-118/12

Дата: 03.07.2012

ДО
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХС „ЗЛЕТОВИЦА“ ПРОБИШТИП

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип (во понатамошниот текст јавното претпријатие) за 2011 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на јавното претпријатие за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Ревизијата не изразува мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на јавното претпријатие за 2011 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2011 година ревизијата констатира состојби кои се однесуваат на:

- нецолосна усогласеност помеѓу износот на запишаната основна главнина во Централниот регистар на Република Македонија и искажаниот износ во трговските книги на јавното претпријатие;
- испорака на вода од 2010 година до 20.01.2012 година без дозвола за зафаќање на водата од река Злетовица, односно без започнување на правно

дејство на истата и не поседување на дозвола за времено користење на водата;
- квалитетот на испорачаната вода во одредени периоди да не ги задоволува критериумите утврдени со подзаконските акти и да припаѓа на категоријата од 3-та и 4-та класа наместо 2-ра класа;
- нередовно подмирување на даноци од кои за дел од обврските на име даноци потребно е да бидат обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија;
- неизвршен технички преглед и необезбедено одобрение за употреба;
- недонесена долгорочна и среднорочна програма за развој;
- недослено постапување при вршењето на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата;
- недоследности во извршувањето на договор за јавна набавка за јавни работи/ Ископ, чистење и транспорт на хумус, дрвја, пањеви и камења од идното езерско корито на брана „Кнежево“ од Хидросистемот „Злетовица“ со уредување на депониите и оградување на идното езеро.

Утврдени се системски слабости заради постоење на:
- неусогласеност на одредбите на склучените договори по основниот Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договор за заем за реализација на проектот за подобрување на искористување на водата од басенот на реката Злетовица од 18.11.2003 година и неговите измени од 19.08.2008 и од 08.04.2011 година, и
- непостоење на законски пропишана, прифатена и донесена од Владата на Република Македонија единствена (унифицирана) методологија за пресметка на цената на чинење по м$^3$ воден надоместок.

За погоренаведените состојби менаџментот на претпријатието и надлежните органи потребно е да превземат активности и мерки за нивно надминување.

Извршивме обелоденувања од повеќе области за работењето на претпријатието и неговиот континуитет и тоа:

- отсуство на склучен договор за одобрен бескаматен кредит помеѓу јавното претпријатие и Владата на Република Македонија;
- неподмирени обврски во вкупен износ од 19.587 илјади денари и камата од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија по основ на обврска за данок на добивка по задршка за исплатени надоместоци за консултантски услуги, и
- во делот на обезбедување на потребните средства за оперативните и инвестиционите активности на претпријатието и неговата сеуште

доминантна зависност од кредитните средства и средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

Во законски утврдениот рок законскиот застапник на јавното претпријатие до Државниот завод за ревизија достави известување заведено под број 13-118/11 со кое известува дека ги прифаќа дадените препораки содржани во Нацрт извештајот и дека нема да достави забелешки по истиот.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 33 до 36) заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2011 година кои се состојат од Биланс на состојбата (Извештај за финансиската состојба) на ден 31 декември, Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба), Извештај за промените во главнината и Извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и Преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Стојан Миланов, директор од 29.11.2006 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесените состојби во дел 2. Цели и делокруг на ревизијата точка 2.3. ревизијата се воздржа од изразување на мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции

(ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Во известувачкиот период не е завршен процесот на: упишување на целокупниот основачки влог во надлежниот регистар; потврдување на обврските кон изведувачот на работите пакет 2 – брана „Кнежево“ и поврзани објекти и Ископ, чистење и транспорт на хумус, дрвја, пањеви и камења од идното езерско корито на брана „Кнежево“ од Хидросистемот „Злетовица“ со уредување на депониите и оградување на езерото а активностите поврзани со спроведување на пописот и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата се извршени со одредени недоследности кои предизвикаа ревизијата да се воздржи од изразување на мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03. до 30.04. 2012 година кај Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Максим Ацевски, Помошник на Главниот државен ревизор;
- Биљана Арсовска Андонова, самостоен ревизор;
- Маја Јовановска, виш ревизор;
- Ирена Трајковска, ревизор.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 22.05.2012 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Во одредбите од Статутот, во делот Планирање на работата и развој на јавното претпријатие е наведено дека „претпријатието за својата работа и развој донесува долгорочни и среднорочни програми за развој и годишна програма за работа“. Долгорочната програма за развој се донесува за 10 години и истата треба да содржи: проценка на обемот на производство и потрошувачка на вода посебно кај корисниците; развој на капацитетите за производство и дистрибуција на вода; изградба на нови дополнителни капацитети за водоснабдување на поширокото подрачје кај постојните корисници; обем и средства потребни за извршување на програмите за развој со динамика на прилив и користење и други елементи пропишани со пропис и акти на претпријатието. Среднорочната програма за работа се донесува за 5 години и треба да содржи: план на потреби; план за развојно - истражувачка работа; цели и насоки на развојот; изградба на нови водоснабдителни капацитети; начин на обезбедување на средства за развој; обезбедување на други извори на финансирање и други елементи. Не се презентирани долгорочни и среднорочни програми што не е согласно одредбите на Статутот на јавното претпријатие и има за ефект отсуство на акти кои ќе бидат основ за донесување на годишната програма за работа и нејзино усогласување со долгорочната и среднорочната програма, односно ќе содржат податоци за планирани активности и периоди на целосно завршување на фаза 1 – водоснабдување, фаза 2 – наводнување и фаза 3 – производство на хидроелектрична енергија од повеќенаменскиот проект ХС „Злетовица“.

Ревизијата известува дека е презентирано Решение за формирање на комисија за подготвување на среднорочна и долгорочна програма за развој на јавното претпријатие (број 0306-590/1 од 24.04.2012 година) донесено од директорот која има задача да изготви предлог долгорочна и среднорочна програма за развој.

**Препорака**
Надлежните органи да ги координираат активностите за изготвување на наведените програми и истите ги предложат на разгледување и усвојување од надлежните органи.

3.1.2. Јавното претпријатие во трговските книги со состојба 31.12.2011 година на сметката основна главнина – запишан и уплатен капитал, искажува вкупен износ од 1.192.860 илјади денари, од кој 882.379 илјади денари е впишана основна главнина, паричен влог на основачот Влада на Република Македонија со состојба на 31.12.2008 година, обезбедени од Република Македонија по разни основи[1]. Останатиот искажан износ од 310.480 илјади денари не е запишан во Централниот регистар на Република Македонија. На ден 23.12.2011 и 20.01.2012 година јавното претпријатие до Министерство за финансии на Република Македонија доставило писмени дописи/ургенции со кои бара упатства/начин за впишување на добиените парични средства од државата (во текот на 2009, 2010, 2011 година и во иднина), како основачки влог во Централен регистар на РМ, но до денот на известувањето за извршената ревизија не е добиен одговор и не е извршено нивно запишување. Наведената состојба не е во согласност со одредбите на член 7 од Законот за јавните претпријатија и одредбите од Законот за трговски друштва и има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на основната главнина и достапноста на правно релевантните податоци за претпријатието.

**Препорака**
Надлежните органи на јавното претпријатие во соработка со основачот да превземат мерки и активности за запишување на износот на искажаната а незапишана основна главнина во Централен регистар на Република Македонија.

3.1.3. Јавното претпријатие започнувајки од 2010 година па се до 20.01.2012 година испорачува сирова вода до ЈП „Комуналец“ Свети Николе без дозвола за зафакање на водата од река Злетовица. На ден 20.01.2012 година Министерството за животна средина и просторно планирање (по барање од јавното претпријатие од 14.07.2011 година), донело решение за издавање дозвола за зафаќање на вода на реката Злетовица на: Зафат 1 за водоснабдување на Пробиштип и Злетово и Зафат 3 за водоснабдување на

[1] Решение од Централен Регистар на Република Македонија од 28.02.2012 година.

Штип, Свети Николе, Карбинци и Лозово со наведување во дозволата на единаесет услови кои претпријатието треба да ги исполни. Според точка 13 од дозволата, истата се издава со рок на важност од 5 (пет) години, а започнува да произведува правно дејство од моментот кога носителот на дозволата ќе достави потврда за извршениот преглед на водозафатите со придружните објекти до Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 41 од Законот за водите[2]“. На ревизијата не е презентиран акт доставен од претпријатието до Министерство за животна средина и просторно планирање дека целосно ги исполнило сите наведени услови во дозволата, по што Комисијата за преглед на објектите и постројките формирана од министерот за животна средина и просторно планирање (број 11-4611/1 од 05.05.2011 година) ќе изврши преглед, ќе издаде потврда за извршениот преглед на водозафатите со придружните објекти и дозволата би започнала да произведува правно дејство. Исто така до наведеното министерство претпријатието не доставило барање за издавање на дозвола за времено користење на водата од истото водно тело од моментот на издавање на дозволата до моментот на започнување на правното дејство на дозволата, што не е согласно член 41 точка 4 од Законот за водите. Наведените состојби имаат за ефект јавното претпријатие да отпочне со испорака/продажба на вода без исполнување на сите пропишани услови од дозволата односно без обезбедување на правно дејство на истата.

**Препорака**

Надлежните органи на јавното претпријатие да превземат мерки и активности во насока на целосно исполнување на сите наведени услови во дозволата односно да обезбедат, Комисијата за преглед на објектите и постројките да изврши преглед; да издаде потврда за извршениот преглед на водозафатите со придружните објекти и дозволата да започне да произведува правно дејство.

Надлежните органи на јавното претпријатие да превземат активности за обезбедување од надлежното министерство дозвола за времено користење на водата од реката Злетовица.

[2] Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да изврши преглед на објектите и постројките и доколку условите од дозволата се исполнети, на носителот на дозволата му издава потврда за извршен преглед на објектите и постројките.
Прегледот на објекетите и постројките ... го врши комисија формирана од министерот кој раководи од областа на животната средина и просторно планирање.

**Хидросистем Злетовица – Пробиштип, Фаза 1 – Водоснабдување**

3.1.4. Изградбата на Хидросистемот Злетовица – Пробиштип е предвидена да се одвива во фази и тоа: Фаза 1 - Водоснабдување; Фаза 2 - Наводнување и Фаза 3 – Производство на хидроелектрична енергија. Во првата фаза покрај другото изградени се и зафатите за вода Зафат 1 и Зафат 3 како и цевководите до филтер станиците на општините: Штип, Свети Николе, Пробиштип, Злетово, Лозово и Карбинци. Започнувајќи од 2010 година јавното претпријатие веќе испорачува вода до филтер станицата во Свети Николе за што има склучено договор[3] за уредување на меѓусебните права и обврски со ЈКП "Комуналец" од Свети Николе, во кој е уредено дека квалитетот на испорачаната вода мора да биде во рамките на Уредбата за класификација на водите[4] ("Службен весник на РМ" бр. 18/99). При експлоатација на водите од сливното подрачје на Злетовска река во целост се користат површинските води на Злетовска река и нејзините притоки. Водата од долните притоки директно е зафатена со Зафат 3 и како таква се испорачува до филтер станицата на ЈКП "Комуналец" од Свети Николе. Самото техничко решение на поставување на наведените зафати и нивното директно поврзување со изградената брана во овој момент не е решено освен со директни испуштања на водата во речното корито.

Бидејќи за испорака се зафаќаат површински води со широко сливно подрачје, директно од речното корито, било какво надворешно влијание негативно влијае врз квалитетот на испорачаната вода. Било каква промена на воспоставената природна рамнотежа во било кој дел на сливното подрачје директно влијае врз пад на квалитетот на водата (сечење на шумите, шталско одгледување на добиток во близина на речното корито, рибници, комерцијални објекти и др.). Во исто време самото техничко решение во овој момент не нуди можност за надминување на состојбите и обезбедување на квалитетна вода во услови на заматување[5] на водите во речното корито.

Согласно член 148 од Законот за водите, јавното претпријатие има обврска да го следи квалитетот и количината на зафатените води. Податоците

[3] Договорот е склучен на ден 25.02.2011 година.
[4] Уредено со договорот за испорака на сирова вода за 2012 година.
[5] Според одредени пресметки и анализи во текот на годината се појавуваат односно присутно е заматување на водата во речното корито околу 50 дена (извор пропратно писмо број 0302-860/2 од 22.07.2011 година упатено од законскиот застапник на јавното претпријатие до PCE Joint Venture).

добиени од редовните анализи на површинските води од сливот на Злетовска река покажуваат отстапки од МДК (максимално дозволените концентрации) дадени во “Уредбата за класификација на водите“ (“Службен весник на РМ“ бр.18/99) во делот на физичко – хемиските и микробиолошките карактеристики односно во одредени моменти анализите извршени од надлежниот орган[6] покажуваат дека испорачаната вода припаѓа во категорија од 3-та и 4-та класа наместо 2-ра класа и дека истата содржи одредени примеси, кои доведуваат до тоа водата во одредени периоди да не биде употреблива.

Јавното претпријатие за да го зачува и унапреди квалитетот на водата која се испорачува до филтер станиците континуирано превзема мерки и активности меѓу кои за формирање на заштитни зони (по целокупниот слив на реката при што во истите ќе бидат опфатени и притоките) како и известување на правните субјекти за превземање на потребните активности за заштита на сливното подрачје. Со формирањето на заштитни зони за сливното подрачје на Злетовска река ќе биде исполнета законската обврска а во исто време ќе се создадат основни претпоставки да се спречат сите активности кои би можеле да имаат негативно влијание врз квалитетот на водата што се испорачува. Во таа насока спроведена е постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги “Формирање на заштитни зони“, донесена е Одлука за избор на најповолна понуда и склучен е Договор за јавна набавка[7] по што ќе следат неопходните активности за формирање на заштитните зони.

Во насока на подобрување на квалитетот на водата што се испорачува, во повеќе наврати претставници од јавното претпријатие писмено се обраќаат до консултантскиот тим[8] со барање за изнаоѓање на техничко решение за решавање на проблемот со квалитетот на водата што се испорачува за кое е потребно финансиски средства а се со цел да не биде доведен во прашање континуитетот на редовна испорака на квалитетна сирова вода во филтер станиците на општините.

[6] ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија.
[7] Договорот е склучен на ден 21.05.2012 година.
[8] PCE Joint Venture

3.1.5. Во известувачкиот период јавното претпријатие врши зафаќање на сирова вода од речниот слив на реката Злетовица во делот на Зафат 3 со што врши дистрибуција на истата до крајниот корисник[9]. Техничкото решение на дистрибуција на водата во наведениот зафат создава услови за таложење на одредени примеси во водата при што се создава "исталожен материјал" кој во одредени периоди во известувачкиот период има потреба од негово отстранување/чистење. Согласно член 79 од Законот за водите ("Службен весник на РМ", бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11) правните и физичките лица можат да испуштаат отпадни води или да испуштаат или фрлаат материи и супстанции во реципиентите само по претходно прибавена дозвола за испуштање во водите под услови и на начин утврдени со Законот за водите.

Начинот на испуштање на исталожениот материјал од таложникот на Зафат 3 не е во согласност со погоре наведените одредби и истиот директно се испушта во речното корито кое влијае на безбедноста на растителниот и животинскиот свет во реката Злетовица.

За надминување на наведената состојба (испуштање и складирање на исталожениот материјал од таложниците), јавното претпријатие има добиено насоки од страна на консултантскиот тим за можните технички решенија.

**Препорака**

Менаџментот на јавното претпријатие да продолжи со превземање на потребните мерки и обезбедување на услови за испорака на вода со соодветен квалитет.

Менаџментот во соработка со надлежните органи и претставниците на консултантскиот тим да продолжат со превземање на мерки и активности за интезивирање на работите околу изнаоѓање соодветно техничко решение за испуштање и складирање на исталожениот материјал од таложниците.

3.1.6. Јавното претпријатие во трговските книги со состојба 31.12.2011 година по основ на неплатени обврски за даноци и камати искажало вкупен износ од 20.091 илјади денари и тоа:

- данок на додадена вредност во износ од 12.713 илјади денари (кои потекнуваат од 2010 во износ од 8.744 илјади денари и 2011 година во износ од 3.969 илјади денари);
- данок од добивка за 2011 година во износ од 1.000 илјади денари;

[9] ЈКП "Комуналец" од Свети Николе.

- персонален данок од доход во износ од 2.609 илјади денари (кои потекнуваат од 2010 година во износ од 1.256 илјади денари и 2011 година во износ од 1.353 илјади денари[10];
- затезни камати за неневаремено плаќање на погоренаведените обврски во вкупен износ од 3.769 илјади денари (камата за данок на додадена вредност од 2.873 илјади денари, камата за данок на добивка од 401 илјади денари и камата за персонален данок во износ од 495 илјади денари) пресметани во известувачкиот период.

Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за данокот на додадена вредност, Законот за данокот на добивка и Законот за персоналниот данок на доход. Погоренаведеното предизвикува создавање на дополнителни обврски (одлив на дополнителни парични средства) на име камата за ненавремено плаќање на наведените даноци, потценување на приходите во Буџетот на Република Македонија (Централен буџет) за годините за кои субјектот имал обврска да ги уплати даноците (данок од добивка).

Јавното претпријатие не извршило конфирмирање/ усогласување на своите обврски со Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Штип со состојба на 31.12.2011 година.

Во текот на вршење на ревизијата, по барање на ревизијата, јавното претпријатие до Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Штип достави конфирмација за усогласување на состојбата на своите обврски по погоренаведениот основ, со состојба на ден 31.12.2011 година односно до 31.03.2012 година, но до денот на известување за извршената ревизија не е добиен одговор.

**Препорака**

Надлежните органи на претпријатието во соработка со основачот и надлежното министерство да превземат мерки и активности за навремено подмирување на обврските на име даноци по сите основи.

3.1.7. Спроведувањето на внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор е уредено со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[11],

[10] Средствата за подмирување на обврските за ДДВ и персоналниот данок се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

[11] Согласно член 31 став 1 алинеја 1 од ЗЈВФК е предвидено единицата за внатрешна ревизија да се основа со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на едницата за внатрешна ревизија, доколку просечниот

согласно кои е задолжително основање на единица за внатрешна ревизија како одделение со најмалку два внатрешни ревизори, вклучувајќи го и раководителот на одделението за внатрешна ревизија. Со извршениот увид во Актот за систематизација на работните места во јавното претпријатие и презентираниот преглед на работни места во јавното претпријатие, ревизијата го констатира следното:

- согласно Актот за систематизација на работните места во јавното претпријатие предвидено е формирање на посебна организациона единица одделение за внатрешна ревизија со раководител на одделението за внатрешна ревизија и уште еден внатрешен ревизор;
- во известувачкиот период од страна на одговорното лице на јавното претпријатие до Министерството за финансии доставено е Барање за согласност за нови вработувања на неопределено време за 7 работни места, вклучително и за еден внатрешен ревизор;
- од страна на Министерството за финансии добиена е согласност за обезбедени финансиски средства за 2011 година за вработување на 4 лица на неопределено време, меѓу кои и за едно лице на работно место - внатрешен ревизор;
- од страна на Министерството за финансии добиено е известување со кое претходно дадената согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на 4 лица се прогласува за важечка во делот во кој не е реализирана и во тековната 2012 година;
- на основа на добиената согласност, во известувачкиот период одговорното лице доставило Барање до Агенцијата за администрација за објава на оглас за вработување на јавни службеници за три работни места, но не и за вработување на внатрешен ревизор. По објавениот оглас спроведена е постапка и извршен избор на кандидати, со кои се склучени договори за вработување;
- во известувачкиот период заклучно до денот на известување од извршената ревизија во јавното претпријатие не е реализирано вработување на внатрешен ревизор;

Погоренаведената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик од необезбедување на независно, разумно, објективно уверување и совет на раководителот на субјектот со цел подобрување на работењето на јавното претпријатие и зголемување на ефикасноста на системите на внатрешната контрола.

буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во последните три години изнесувал најмалку 50 милиони денари, вклучително и фондовите и програмите финансирани од ЕУ.

**Препорака**

Одговорното лице на јавното претпријатие во соработка со надлежните органи да ги преземе потребните активности за вработување на внатрешен ревизор за кое има добиено согласност за обезбедени финансиски средства, односно да обезбеди согласност и реализира вработување на потребниот број на внатрешни ревизори.

## 3.2. Финансиски извештаи

***Биланс на состојба***

3.2.1. Со извршената ревизија на начинот на извршениот попис на средствата и обврските, увидот во трговските книги, Ивештаите од извршениот попис со состојба 31.12.2011 година и презентираниот пописен материјал констатирани се следните состојби:

- не се презентирани посебни акти: за утврдување на начинот на вршење попис соодветен на специфичностите на дејноста на јавното претпријатие и на карактеристиките на неговите средства и обврски; за избраната соодветна постапка и процедура за усогласување на сметководсвената со фактичката состојба и за спроведување на истите[12]; за определување на работите што треба да ги извршат комисиите за попис и лицата кои материјално се задолжени за средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители; за рокот за доставување на извештајот за извршениот попис со приложените пописни листи[13] и план за работа составен од комисиите за попис пред започнување на пописот[14];
- Извештајот од пописот на основни средства, ситен инвентар, инвестиции во тек[15] и техничка документација со состојба 31.12.2011 година, одделно не ги прикажува сметките на кои се искажани и вредностите на истите[16], освен за инвестицијата во тек. Во дел од извештајот комисијата посочува потреба од задолжување со основни средства и ситен инвентар за дел од пакет 3 и пакет 4 кој е ставен во употреба, без наведување видот/структурата и вредности за кои треба да се изврши задолжување;

[12]член 2, 5, 6 и 13 од Правилникот за начинот за вршење попис на средствата и обврските и усогласување на сметководстевната со фактичката состојба утврдена со пописот (Службен весник на Република Македонија број 107 од 10.08.2011 година);

[13] член 8 став 1 од Правилникот ..........;

[14] член 10 став 1 од Правилникот .................;

[15] Согласно Правилникот за сметковен план и содржината на сметките во сметковниот план (Службен весник на Рпублика Македонија број 174 од 16.12.2011 година) новиот Сметковен план, Инвестициите во тек се со назив Материјални средства во подготовка;

[16] член 473 став 1 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија број 28/04; 84/05; 25/07; 87/08; 42/10; 48/10 и 24/11).

На ден 04.06.2011 година до ревизијата се доставени дополнителни податоци за надминување на утврдената состојба.

- не е извршен попис на земјиштето искажано во трговските книги во износ од 435 илјади денари (на сметката земјиште) и не се превземени активности за утврдување на неговата пазарна вредност, а со тоа превземање на соодветни активности за искажување на трансакции во трговските книги; На ден 04.06.2011 година до ревизијата се доставени дополнителни податоци за надминување на дел од утврдената состојба.
- не е извршен попис на земјиштето стекнато по основ на извршена експропријација зафатено со изградба на објектите на ХС Злетовица искажано во трговските книги во дел од сметката инвестиции.
- на сметката градежни објекти е искажан вкупен износ од 1.104.646 илјади денари без презентирање на пописна листа за извршен попис на зградата на дирекција и пописна листа за извршен попис на градежни објекти ставени во употреба за пакет 3 и пакет 4 и не се презентирани акти за извршено услогласување на нивната фактичка состојба по попис со податоците во трговските книги.

  На ден 28.05.2012 година од страна на законскиот застапник на претпријатието доставена е дополнително изработена пописна листа од страна на пописната комисија;
- не се презентирани акти за извршено усогласување на имотните/поседовните листи со кои располага јавното претпријатие за земјиштето и градежните објекти со искажаното земјиште и градежни објекти во трговските книги, како основ за потврдување на целосно завршување на постапката на упис во Агенцијата за катастар на недвижности за стекнување на правото на сопственост/користење на земјиштето и градежните објекти;
- извршен е попис на техничката документација без вршење на усогласување на состојбите на истата утврден по попис со искажаната состојба на техничката документација во трговските книги на сметката материјални средства во подготовка во износ од 31.152 илјади денари.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Правилник за начинот за вршење попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, Законот за катастар на недвижности и Законот за сопственост и други стварни права, што има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

На ден 30 мај од страна на јавното претпријатие до ревизијата се доставени поголем број на „Потврда за прием на пријавата за запишување на промена во катастарот на недвижности“ со кои Агенцијата за катастар на недвижности потврдува дека има примено пријави за запишување на промена во катастарот на недвижности за да на 04.06.2012 година бидат доставени поголем број на имотни листови.

Истота така доставено е Решение за формирање на комисија за вонреден попис како и „Правилник за работата на комисиите за попис и налози за подготовка за попис на имотот, побарувања и обврските во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип“.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие да ги задолжат одговорните лица за:

- Извештајот за попис одделно да ги прикажува сметките на кои се искажани (средствата и обврските) во трговските книги и вредностите на истите;
- вршење целосен попис на земјиштето и градежните објекти и усогласување на вака утврдените состојби со сметководствената состојба;
- утврдување на пазарната вредност на целокупното земјиште и негово евидентирање во трговските книги;
- по извршеното запишување и разграничување на правото на сопственост/користење на недвижностите да се превземат активности за искажување на промените во трговските книги;
- вршење усогласување на податоците за извршениот попис на техничката документација со податоците за истата во трговските книги.

3.2.2. Јавното претпријатие во трговските книги со состојба на 31.12.2011 година искажало обврски по времени ситуации од изведувачот на работите на пакет 2 – брана „Кнежево“ и поврзани објекти, во вкупен износ од 119.820 илјади денари за кој износ по испратените конфирмации од јавното претпријатие не е добиен одговор. Но во исто време на ревизијата е презентиран преглед, изготвен од страна на консултантскиот тим[17] во кој се презентирани сите дополнителни побарувања кои изведувачот на работите на име извршени работи за пакет 2 – Брана „Кнежево“ и поврзани објекти ги побарува од јавното претпријатие во вкупен износ од 340.525 илјади денари. Поради нерасчистените меѓусебни деловни односи помеѓу јавното претпријатие, изведувачот на работите и консултантскиот тим, наведените

[17] Согласно Договорот за консултантски услуги (склучен на 12.11.2004 година), во периодот на реализација на средствата од заемот консултантскиот тим е надзор на градежните работи.

обврски не се евидентирани во трговските книги на претпријатието и по тој основ не е извршено зголемување на вредноста на наведените материјални средства а изведувачот на работите не ја преотстапува целокупната техничка документација која претставува неминовен услов за отпочнување на постапка пред надлежните органи за вршење на технички преглед и обезбедување на одобрение за употреба.

Ваквата состојба не е во соглсност со одредбите на член 87 од Законот за градење и може да предизвика значителни последици во однос на превземање на потребните мерки за одржување на изградените објекти и оневозможување на последователните активности во делот на пробните тестирање на полнење на браната.

Наведената состојба како и фактот дека со преадаптацијата на опточниот тунел во темелен испуст на брана „Кнежево“ трајно е променето природното течење на водата и е воспоставена нова состојба која бара континуирано управување со режимите на работа на системот во целина, неминовно се наметнува потребата од надминување на истата, обезбедување на одобрение за употреба и обезбедување на соодветен персонал за стручно и професионално ракување со наведениот објект.

На денот на одржување на завршниот состанок менаџментот на јавното претпријатие информираше дека за наведената состојба се информирани надлежните органи и се превземаат активности за надминување на утврдената состојба.

**Препорака**

Менаџментот на претпријатието во соработка со надлежните органи и консултантскиот тим да продолжат со превземените мерки и активности за надминување на утврдените состојби со изведувачот на работите на пакет 2; да обезбедат услови за непречено вршење на технички преглед; да обезбедат одобрение за употреба и вработување на соодветен персонал за стручно и професионално ракување со наведениот објект.

## 3.3. Користење на средствата согласно законските прописи
## Јавни набавки

3.3.1. Во текот на 2010 година спроведена е отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи/Ископ, чистење и транспорт на хумус, дрвја, пањеви и камења од идното езерско корито на брана “Кнежево“ од Хидросистем “Злетовица“ со уредување на депониите и оградување на идното езеро.

Наведената постапка е спроведена поради тоа што пред да се започне со полнење на акумулацијата, согласно Законот за водите[18] било непоходно претходно да се исчисти акумулациониот простор од дрвја, гранки и остатоци од објекти односно да се преземат мерки за заштита на акумулацијата од загадување и воспоставување на заштитна зона која треба да биде оградена.

За оваа цел обезбедено е мислење од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање со кое е дадена оценка дека по однос на зачувување на квалитетот на водата во езерото и обезбедување на стабилност на косините, неопходно е чистење на вегетацијата и хумусниот покривач од боковите и дното на акумулацијата.

Со избраниот понудувач[19], склучен е Договор број 0707-383/29 од 07.05.2010 година на вкупна вредност од 54.903 илјади денари со пресметан ДДВ и предвиден рок од 50 дена за извршување на работите согласно понудата и предмер пресметката. Видот и количините на работите се утврдени со предмер пресметката која е составен дел од договорот.

Со извршената ревизија на начинот на планирање и спроведување на отворената постапка, како и реализација на склучениот договор за јавна набавка, врз основа на презентираната документација, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и подзаконските акти од оваа област како и на склучениот договор за јавна набавка и тоа:

[18] Закон за водите (Службен весник на Република Македонија број 4/98, 19/2000, 42/05, 46/06, 64/07 ) кој е сеуште на сила во периодот на распишување на отворената постапказа доделување на договор за јавна набавка, односно член 6 и член 13 од Законот за животната средина(Службен весник на Република Македонија број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 1/10, 48/10, 124/10, 51/11).

[19] Избраниот понудувач воедно е главен изведувач и на градежните работи за изградба на браната.

- изготвени се две верзии на тендерска документација и распишани се два огласи[20] за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка, кои се разликуваат во делот на Проектната задача и приложената Предмер пресметка во однос на бројот на позициите, видот и количината на работите кои треба да се извршат а посебно во делот на предвидената количина на хумусен материјал што треба да се отстрани од езерското корито која во првиот оглас изнесува 292.550 м$^3$ и просечна дебелина на хумусен слој од 50 сантиметри, додека во вториот оглас изнесува 146.275 м$^3$ и просечна дебелина на хумусен слој од 25 см. што упатува на начинот на планирање на работите кои се предмет на набавката;
- согласно обезбедените примероци од градежната книга потврдени од надзорот и Извештајот за извршениот ископ, чистење, транспорт на хумус, дрвја и корења од акумулациониот простор на браната "Кнежево" број 1005-22/78-1 од 28.10.2010 година, изготвен од надзорниот инженер, утврдено е дека за првата позиција од договорот[21] изведувачот извршил поголем обем на работа во однос на договорениот, односно вкупната количина на ископан и депониран хумусен материјал изнесува 182.486 м$^3$, што претставува надминување на договорените количини за 24,76%, додека втората позиција[22] воопшто не е извршена. За направената измена на видот и количината на работите во текот на реализација на договорот, а поради необезбедени средства за плаќање од Буџетот на Република Македонија, не е спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас и не е склучен анекс на договор, што не е во согласност со член 99 од Законот за јавни набавки[23];
- од страна на јавното претријатие испратено е писмено Известување до изведувачот број 0302-1469/1 од 18.08.2010 година со кое се бара прекинување на работите дефинирани во склучениот договор, од причина што е направена проценка дека договорот е исцрпен[24] и нема можност за

[20] Оглас бр.01/2010 од 02.02.2010 година- по кој е поништена постапката за доделување на договор за јавна набвака поради тоа што до денот на јавното отворање не била поднесена ниту една понуда и Оглас бр.04/2010 од 03.03.2010 година - по кој е извршен избор на најповолна понуда.

[21] Ископ на хумус, со вадење на корења од исечени дрва и транспорт со планирање во депонија на 2,5 односно 3,5 км. во вкупна количина од 146.275 м$^3$.

[22] Оградување на акумулацијата со заштитна поцинкувана мрежа и поцинкувани столбчиња во должина од 9.000 м.

[23] Член 99 од Законот за јавни набавки предвидува спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас во случај на набавка на дополнителни работи или услуги кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, под услов договорот да му се додели на изведувачот на работите или давателот на услугите од основниот договор.

[24] Согласно информацијата од одговорните лица во јавното претпријатие вкупната изнесена количина на хумусен материјал до 18.08.2010 година изнесува 170.426 м$^3$ што претставува надминување на договорените количини за 16,51%.

потпишување на анекс на истиот. Во исто време се бара од изведувачот да направи конечна пресметка со градежна книга за до тој момент извршените работи. И покрај ваквото известување работите на теренот не се прекинати односно во градежниот дневник заклучно со 06.09.2010 година регистрирани се изведувани работи, 1.175 тури ископ на хумусен материјал[25] а конечна пресметка од страна на изведувачот не е доставена;

- согласно Извештајот од надзорниот инженер, од страна на претставници на јавното претпријатие/инвеститор, изведувачот и надзорот составен е Записник број 0308-2187/1 од 23.11.2010 година со кој сите страни се согласуваат со утврдените изменети услови за работа кои не соодвествуваат со договорените[26], со што се наметнува потреба од промена односно пролонгирање на договорениот рок за завршување на работите за 30 дена и потпишување на анекс договор за зголемени количини. Записникот за продолжување на рокот за изведба е заверен во месец ноември 2010 година што е подоцна од договорениот рок за изведба односно откако се запрени сите работи од страна на изведувачот а анекс на договорот воопшто не е направен;
- според обезбедените примероци од градежната книга и градежниот дневник евидентно е дека изведувачот е воведен во работата на 10.05.2010 година и работите се изведувани заклучно со 06.09.2010 година, односно вкупно 119 дена со што изведувачот го надминал договорениот рок на изведба од 50 дена (со записник продолжен за уште 30 дена). Бидејќи при спроведувањето на отворената постапка, рокот за изведба на работите бил еден од критериумите за евалуација на понудите, пробивањето на рокот за изведба упатува на прашањето дали понудениот рок за изведба е базиран на објективна проценка;
- не е постапено согласно член 24 и член 25 од склучениот договор за јавна набавка каде е предвидено изведувачот да му плати определен паричен износ на нарачателот т.е. договорна казна од 1 промил од договорената цена на работите за секој ден на задоцнување при што износот не може да надмине 5% од вкупната цена на работите;

[25] Согласно истата информација произлегува дека за период од 19.08.2010 до 06.09.2010 година вкупната изнесена количина на хумусен материјал изнесува 12.060 $м^3$ што претставува надминување на договорените количини за уште 8,24%.

[26] Во извештајот надзорниот инженер известува за изменети услови за работа со кои се соочил изведувачот во текот на извршувањето на работите, ископ на поголем слој на хумус од договрените 25 см., зголемени транспортни должини во однос на договорените 2,5 км. односно 3,5 км. и неповолни временски услови, поради што инвеститорот, надзорот и изведувачот со Записник се согласиле за пролонгирање на рокот за изведба за 30 дена и потреба од потпишување Анекс договор за зголемени количини.

- од избраниот понудувач со кој е склучен договорот за јавна набавка обезбедена е банкарска гаранција на износ од 2.745 илјади денари во висина од 5% од вредноста на договорот, со рок на важност до 03.07.2010 година. Во услови кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот согласно со член 48 од Законот за јавните набавки;
- по прекинување на вршење на работите, изведувачот не доставил завршна ситуација, ниту писмено известување, не е составен записник за примопредавање и не е направена конечна пресметка, што не е во согласност со членовите 5, 27 и 28 од склучениот договор, од причина што договорените работи не се во целост завршени, а одговорните лица во јавното претпријатие немаат конкретна информација за висината на побарувањето од страна на изведувачот, единствено имаат само податоци за количини на завршени работи утврдени и потврдени од надзорот со градежната книга заклучно со септември односно реализирана количина на очистен материјал од вкупно 182.486 м$^3$. За извршените работи се добиени две времени ситуации заклучно со мај односно јуни 2010 година и тоа за вкупна ископана количина на хумусен материјал од 130.392 м$^3$ со вкупна вредност од 44.549 илјади денари, односно нефактурирана количина од 52.094 м$^3$ исчистен материјал. Ваквата состојба допринесува јавното претпријатие да нема релевантен сметководствен документ и информација во финансиските извештаи за висината на неподмирените обврски по договорот, ниту обезбедени средства за нивно подмирување;
- постои неусогласеност на искажаните количини на ископан и депониран хумусен материјал и корења во двете времени ситуации кои се оверени од наздоротот (вкупено 130.391,71 м$^3$) во однос на утврдените фактурирани количини (вкупно 128.365 м$^3$) во Извештајот од надзорниот инженер, односно констатирана е разлика од 2.027 м$^3$ што упатува на недостиг на соодветна координација во вршењето на контрола на работите од страна на надзорот[27];
- на ревизијата и е презентиран Записник број 0306-2103/1 од 09.11.2010 година составен на ден 04.11.2010 година на локација Езерско корито на Брана “Кнежево“ во присуство на претставници од јавното претпријатие и

[27] На завршниот состанок од страна на законскиот застапник презентирани се: Информација за активности по договор број 0307-283/29 од 07.05.2010 година изработена од надзорниот инжинер со која се дава објаснување за причините за утврдената состојба (неповолни временски услови, итн.) како и Изјава дека констатираната разлика ке биде усогласена со завршната ситуација која сеуште не е доставена од изведувачот на работите.

изведувачот, со кој според извршеното геодетско снимање на теренот се утврдени три “спорни“ позиции со количини на земјен материјал кој не е соодветно третиран во вкупна количина од 18.988 м$^3$ и потреба истиот да биде изнесен од езерското корито. Согласно информацијата добиена од одговорните лица овие “спорни“ количини се вклучени во вкупната реализирана количина на очистен материјал од 182.486 м$^3$ утврдена со градежната книга заклучно со 06.09.2010 година. Записникот за потребата од дополнителни работи е составен во месец ноември 2010 година откако се завршени сите работи од страна на изведувачот;

- заради потврдување на моменталната состојба со степенот на реализација на склучениот договор обезбедена е Изјава од надзорниот инженер број 1005-30/14 од 25.04.2012 година, во која известува дека од вкупно договорените работи завршено е чистењето на хумусот на околу 85% од вкупната површина на акумулациониот простор, односно на површина од 497.335 м[28], а незавршено е чистењето на хумусот на околу 15% од површината односно на површина од 87.765 м$^2$ и не е реализирано оградување на акумулацијата со заштитна поцинкована мрежа и поцинковани столбчиња во вкупна должина од 9.000 м.

До денот на известување од извршената ревизија, договорените работи не се целосно завршени односно одреден дел од акумулациониот простор не е исчистен и не е извршено негово оградување и во исто време не се завршени активностите за доуредување на меѓусебните права и обврски со изведувачот, што во услови на судска разврска може да има влијание врз зголемување на трошоците на претпријатието на име судски и процесни трошоци и камата и врз финансискиот резултат.

**Препорака**

Одговорните лица во јавното претпријатие да преземат соодветни активности за надминување на утврдените состојби, доуредување на меѓусебните права и обврски со изведувачот и настојување спорните односи со изведувачот да се разрешат спогодбено во насока на постигнување на заедничко прифатливо решение.

[28] На површина од 497.335 м$^2$ реализирана количина на очистен хумусен материјал 182.486 м$^3$.

**Вкупни ефекти од наодите**

Во известувачкиот период не е завршен процесот на: упишување на целокупниот основачки влог во надлежниот регистар; потврдување на обврските кон изведувачот на работите пакет 2 – брана „Кнежево“ и поврзани објекти и Ископ, чистење и транспорт на хумус, дрвја, пањеви и камења од идното езерско корито на брана „Кнежево“ од Хидросистемот „Злетовица“ со уредување на депониите и оградување на идното езеро а активностите поврзани со спроведување на пописот и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата се извршени со одредени недоследности кои предизвикаа ревизијата да се воздржи од изразување на мислење.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.2.; 3.2.1.; 3.2.2.; и 3.3.1., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип на ден 31 декември 2011 година.

### Мислење - за усогласеност со закони и прописи

Поради ограничување на делокругот објаснет во точките 3.1.2.; 3.2.1.; 3.2.2.; 3. и 3.3.1., погоре, ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Во 2003 година Република Македонија, врз основа на закон[29], се задолжила кај Јапонската банка за меѓународна соработка, со заем во износ од

[29] Закон за задолжување на РМ со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договорот за заем за реализиација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица (Службен весник на Република Македонија број 72/3 од 10.11.2003 г.) во сила од 18.11.2003 година;

9.689.000 илјади јапонски јени за Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица, со што ќе се финансира 75% од изградбата на првата фаза (водоснабдување) од повеќенаменскиот хидро – систем „Злетовица“. На основниот закон за задолжување од 2003 година донесени се два Закони за негова измена (во 2008 и 2011 година) согласно кои рок на отплата на заемот е 25 години, со грејс период од 9 години[30], со плаќање на 37 полугодишни ануитети почнувајќи од ноември 2010 година[31], каматна стапка од 1,5%, еднократна провизија за услугата од 0,1% и затезна камата од 3,5%. Крајни корисници на заемот[32] се ЈП Злетовица и општините[33] кои се дел од ХС Злетовица кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно со Законот за јавен долг и Законот за финансирање на ЕЛС. Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и крајните корисници на средствата од заемот ќе склучат посебни договори за заем за регулирање на меѓусебните права и обврски. Заемот ќе го отплаќа Република Македонија од средствата кои ќе се прибираат од корисниците на средствата од заемот[34] (ЈП ХС Злетовица и општините). Не се превземени активности за усогласување на склучените договори по основниот закон за задолжување со неговите измени и тоа:

- Договор за заем (бр.МАС–Р1) за Проектот за подобрување на искористувањето на водата од сливот на Злетовица од 20.11.2003 година склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Јапонската банка за меѓународна соработка во кој помеѓу другото е наведено „проектот се очекува да биде завршен до јуни 2010 година“. До денот на вршење на ревизијата целосно не е завршено влечењето на средствата од заемот и не е извршена реализација на сите градежни активности. Во одредбите на

[30] Се врши продложување на грејс периодот за две години и тоа од 7 на 9 години, согласно Закон за изменување на законот за задолжување на Закон за задолжување на РМ со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договорот за заем за реализиација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица (Службен весник на Република Македонија број 47 од 08.04.2011 г.):

[31] Се врши скратување на периодот за почнување на отплаќање на заемот за 11 месеци – од првично определениот период од октомври 2011 година се намалува, од ноември 2010 година согласно Закон за изменување на законот за задолжување на Закон за задолжување на РМ со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договорот за заем за реализиација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица (Службен весник на Република Македонија број 103 од 19.08.2008 г.);

[32] Се врши менување на крајните корисници односно во основниот закон краен корисник е Јавното претпријатие „Злетовица“ што е сменето со Закон за изменување на законот за задолжување на Закон за задолжување на РМ со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договорот за заем за реализиација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица (Службен весник на Република Македонија број 47 од 08.04.2011 г.);

[33] Пробиштип со Злетово, Штип, Кратово, Свети Николе, Лозово и Карбинци;

[34] Во основниот Закон, заемот ќе се отплаќа од приходите што ќе ги остварува ЈП Злетовица Пробиштип, што е сменето со Закон за изменување на законот за задолжување на РМ со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договорот за заем за реализиација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица (Службен весник на Република Македонија број 47 од 08.04.2011 г.).

наведениот договор е предвидено дека последното повлекување ќе се изврши не подоцна од седум (7) години од стапување во сила на договорот (26.01.2004 година) односно заклучно со 26.01.2011 година, што е еднакво на првичниот грејс период од седум (7) години;

- Договор за реализација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот – сливот на реката Злетовица од ден 08.12.2005 година склучен помеѓу Министерството за финансии (МФ), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Јавното претпријатие ХС „Злетовица“ Пробиштип (ЈП) во кој помеѓу другото е определен грејс период од 7 години; отпочнување на отплата/враќање на заемот од октомври 2011 година; плаќање на доспеани обврски (главница, камата) ќе биде извршено од страна на јавното претпријатие.

Постоењето на неусогласеност помеѓу одредбите од измените на Законот за задолжување со одредбите од склучените договори и не постапувањето по точка осум од Изводокот од Нацрт-записникот од седницата на Владата на Република Македонија од ден 22.03.2011 година во која потписниците на Договорот за реализација на проектот за подобрување на искористеноста на водата од басенот-сливот за реката Злетовица (МФ, МЗШВ и ЈП) се задолжуваат да склучат анекс за истиот, има за ефект отсуство на целосно усогласена правна рамка како основ за уредување на сите елементи кои се однесуваат на реализацијата, користењето и враќањето на средствата од заемот и завршувањето на сите активности поврзани со првата фаза од повеќенаменскиот проект Хидросистем Златовица Пробиштип.

5.2. Со одредбите на член 218 став 4 од Законот за водите (“Службен весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11) е уредено дека “Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите ја утврдува методологијата на пресметување на вкупниот надоместок и цената на услугата од членовите 210 и 211 на овој закон“ (вкупниот надоместок за крајните корисници на водата и вкупниот надоместок за крајните корисници за одведување и пречистување на водата; цената на услугата за крајните корисници на водата и цената на услугата за крајните корисници за одведување и пречистување на водата).

Со извршената ревизија констатиравме дека до денот на известување од извршената ревизија сеуште не постои законски пропишана, прифатена и донесена од Владата на Република Македонија единствена (унифицирана)

методологија при пресметка на цената на чинење по м$^3$ воден надомест што не е во согласност со погоре наведените одредби од Законот за водите.

Ваквата состојба предизвикува јавното претпријатие да пристапи кон изработка на “Методологија за одредување на цена на воден надомест за водоснабдување од ЈП ХС Злетовица кон корисниците“, при што при пресметката на цената на чинење на сирова вода користена е предлог Методологијата изработена од Ј.В.П. “Водостопанство на Македонија“ а износите на трошоците се земени од Студијата на консултантот, при што се имаат предвид посебните карактеристики на ХС “Злетовица“ како би се дошло до што пореална цена.

Отсуството на погоре наведената методологија предизвикува различен пристап во одредување на цената на чинење по м$^3$ воден надомест од страна на претпријатијата кои што извршуваат водостопански дејности и ризик од утврдување на превисока/прениска цена.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија извршило плаќање на вкупен износ од 440.107 илјади денари за три доспеани ануитети (главница) од повлечените средства од заемот[35] бидејќи јавното претпријатие од своите приходи не може да го сервисира/враќа заемот. Постапувајќи по амортизациониот план[36] првиот ануитет е платен во 2010 година, а два во текот на 2011 година. За сервисирање на јапонскиот кредит до 2028 година, Владата на Република Македонија на двесте и петнаесеттата седница одржана на 22.02.2011 година на јавното претпријатие, му се одобрува безкаматен кредит во износ од 4.393.811 илјади денари, кој треба да го отплати од 2028 до 2039 година а за регулирање на правата и обврските по истиот, јавното претпријатие со Владата на Република Македонија да потпише договор. Во текот на ревизијата, државниот ревизор со писмо број 13-118/4 од 19.04.2012 година, се обрати до Министертвото за финансии на Република Македонија за добивање податоци за превземените мерки за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Република Македонија – Министерството за финансии и јавното претпријатие и е добиен одговор (писмо број 10-16091/2 од 10.05.2012 година) дека постапката за потпишување на договорот е во тек.

[35] Договор за заем за проектот за подобрување на искористувањето на водата од сливот на Злетовица од 20.11.2003 година склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Јапонската банка за меѓународна соработка;

[36] Согласно Амортизациониот план од договорот за заем, враќањето на повлечените средства од заемот отпочнува од 20.11.2010 и треба да заврши до 20.11.2028 година со плаќање на 37 ануитети во текот на 18,5 години, при што годишно се плаќаат по 2 ануитети и тоа на 20.05 и на 20.11.

6.2. На ден 25.02.2010 година помеѓу Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Јавното претпријатие Хидросистем Злетовица Пробиштип склучен е Меморандум за регулирање на даночни обврски по основ на Договор за консултантски услуги за проектот за подобрено искористување на водите од сливот на Злетовица[37]. Согласно одредбите од меморандумот, обврската што ја има МЗШВ за пресметување и плаќање на данокот на додадена вредност по фактурите од странското правно лице (консултант) кои се плаќаат од кредитот и персоналниот данок од доход на консултантантите/странски државјани ја превзема јавното претпријатие. Обврската за пресметување, задржување и уплата на задржаниот данок на приход платен на странски правни лица (консултанти) по член 29-а од Законот за данок на добивка и останатите јавни давачки поврзани со данок на добивка по задршка задржан данок останува на МЗШВ како потписник на договорот и како исплатител на фактурите од извршените консултантски услуги. Наведената обврска Министерството ја создава за исплатите на фактурите на странскиот консултант за период од 01.07.2009 година до последната исплатена фактура со која ќе се заврши Договорот за консултанстки услуги.

Јавното претпријатие до МЗШВ доставило Предлог пресметка за данок на добивка по задршка (архивирано во јавното претпријатие на ден 20.01.2012 година под број 0302-116/2) за исплати на странски консултанти за извршени консултантски услуги по фактури во период од 01.07.2009 година до 31.12.2011 година во вкупен износ од 19.587 илјади денари укажувајќи да се извршат консултации со Управата за јавни приходи која треба да ја потврди точноста на пресметката и да пресмета затезна камата за ненавремено задржување (плаќање) на задржаниот данок на приход.

Согласно презентираната документација од страна на МЗШВ и извршениот увид во истата ревизијата утврди дека МЗШВ воспоставила вонбилансна евиденција за пресметаните обврски за данок на добивка по задршка и со состојба 31.12.2011 година искажало вкупен износ од износ од 17.266 илјади денари (од 2009 година од 4.520 илјади денари и во 2010 година од 12.746 илјади денари) без да изврши искажување на исплатените фактури за консултантски услуги во 2011 година во износ од 2.321 илјади денари. Не е извршено плаќање од страна на министерството на вкупниот износ на обврски од 19.587 илјади денари и не е извршено пресметување и искажување на камата за нивно ненавремено плаќање.

[37] Склучен на ден 12.11.2004 година помеѓу Министерство за замјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и PCE Joint Venture Pacifik Consulktants International Coyne et Bellier Electric power development CO.LTD во соработка со Градежен Институт „Македонија“ Универзитет Св. Кирил и Методиј Факултет за градежништво.

6.3. Со изградба на брана Кнежево како составен дел на Фаза 1 – водоснабдување од Хидросистемот Златовица се формира акумулација на вода која обезбедува вода за пиење во општините Кратово, Пробиштип, Злетово, Штип, Свети Николе, Лозово и Карбинци, а истовремено овозможува изградба на Фаза 2 – наводнување и Фаза 3 – производство на хидроелектрична енергија. Владата на Република Македонија на ден 09.04.2010 година донела заклучок со кој го задолжила Министерството за финансии да отпочне преговори со Европска инвестициона Банка (ЕИБ) за обезбедување на кредитни средства за финансирање на Фаза 2 и Фаза 3 од Хидросистемот Злетовица. ЕИБ извршила увид врз постоечката изработена техничка документација од јавното претпријатие (Студија за искористување на водите од ХС Злетовица и Идејни проекти за фаза 2 Фаза и Фаза 3) и на ден 07.05.2010 година се произнела за истата при што доставената техничка документација за Фаза 2 – наводнување е позитивно оценета а за Фаза 3 – енергетика е констатирано дека нема доволно потребна техничка документација. За изработка на потребната техничка документација за имплементација на Фаза 2 и Фаза 3, доделен е грант од еден милион евра и е потпишан договор за гранд со ЕИБ на ден 26.09.2011 година. На ден 05.04.2011 година од страна на ЕИБ во име на јавното претпријатие објавен е меѓународен тендер за избор на консултанти за изготвување на потребната техничка документација која постапка ќе се реализира според прирачникот за набавка на ЕИБ. Наведената постапка е во тек односно до периодот на вршењето на ревизија е извршена еваулација на две понуди и е изготвен извештај на 13.03.2012 година кој е разгледан од претставник на ЕИБ на состанок одржан на 03.05.2012 година. Исходот од наведените активности има директно влијание на градежните работи за Фаза 2 – наводнување и Фаза 3 - производство на хидроелектрична енергија и комплетно ставање во употреба и функционирање на сите три фази од повеќенаменскиот хидросистем „Злетовица“ Пробиштип со што би се оствариле целите кои истиот треба да ги постигне/оствари и заради кои е формирано јавното претпријатие .

6.4. Врз основа на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договорот за заем за реализација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица (од 18.11.2003 година и негови измени и дополнувања од 27.08.2008 и од 08.04.2011 година) јавното претпријатие е корисник на заем во износ од 9.689.000 илјади јапонски јени наменет за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во

басенот на реката Злетовица со кој се финансира 75% од изградбата на првата фаза – водоснабдување од повеќенаменскиот хидро-систем „Злетовица“. Првата фаза се реализира по четири пакети и тоа: пакет 1 – Пристапен пат до брана Кнежево, пакет 2 – брана и придружни објекти, пакет 3 – зафати и водоснабдителни цевководи и пакет 4 – Скада и телекомуникациски систем. По основ на користење на средствата од заемот јавното претпријатие во трговските книги со состојба на 31.12.2011 година искажало вкупен износ на исплатени/искористени средства во износ од 9.051.295 илјади јапонски јени од кои: износ од 7.607.377 илјади јапонски јени за извршени градежни работи за сите четири пакети по склучени основни договори и анекси и доставени времени/завршни ситуации од изведувачите; износ од 1.063.515 илјади јапонски јени за извршени консултантски услуги од страна на консултантите по Договор за консултантски услуги[38] за Проектот за унапредување на Хидросистемот Злетовица (склучени 8 амандмани) и доставени фактури за извршени консултантски услуги; износ од 370.849 илјади јапонски јени за камата и износ од 9.545 илјади јапонски јени (2.075 илјади денари) за провизија. До известувачкиот период како неискористен дел од заемот е вкупен износ од 637.715 илјади јапонски јени, кои согласно Годишната Инвестициона програма за 2012 година на јавното претпријатие, се наменети за: останати градежни активности по основните договори и нивните анекси во вкупен износ од 238.071 илјади јапонски јени; неискористен дел од заемот во износ од 380.199 илјади јапонски јени (за кои треба да се склучат договори) и слободен дел од заемот во износ од 19.445 илјади јапонски јени. Дел од неискористениот заем од 380.199 илјади јапонски јени во вкупен износ од 140.220 илјади јапонски јени е планиран за изградба на филтер станици во Пробиштип (93.480 илјади јапонски јени односно 49.200 илјади денари) и Штип (46.740 илјади јапонски јени односно 24.600 илјади денари) чија изградба е услов за пречистување а со тоа и користење за пиење на испорачаната сирова вода од населението во наведените општини. Изградбата на истите односно користењето/влечењето на остатокот од неискористените средства од заемот е заклучно со јануари 2013 година, со што треба да се обезбеди целосно завршување на фаза 1. Завршувањето на истата е услов јавното претпријатие да отпочне да реализира приходи по основ на испорака на вода за пиење до општините (Пробиштип, Штип, Свети Николе, Кратово, Злетово, Карбинци и Лозово), а со тоа да обезбеди и континуитет на своето работење.

[38] Склучен на ден 12.11.2004 година помеѓу Министерство за замјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и PCE Joint Venture Pacific Consultants International Coyne et Bellier Electric power development CO.LTD во соработка со Градежен Институт „Македонија“ Универзитет Св. Кирил и Методиј Факултет за градежништво.

Во известувачкиот период јавното претпријатие единствено врши дистрибуција на сирива вода до ЈКП „Комуналец“ Свети Николе за што е извршено фактурирање по овој основ во износ од 3.398 илјади денари, но до денот на известување од извршената ревизија истите не се наплатени. Ваквата состојба предизвикува јавното претпријатие и понатаму да зависи од средствата од Буџетот на Република Македонија кои ги добива преку Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

Менаџментот на јавното претпријатие во соработка со надлежните органи и претставниците на консултантскиот тим да превземат мерки и активности за интензивирање на работите околу реализирање на останатите активности и фази од ХС кои ќе овозможат остварување на приходи и од други комитенти.

6.5. Во текот на ревизијата од страна на претпријатието извршени се корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во активата и пасивата на финансискиот извештај - Биланс на состојба, спроведени во повеќе налози за книжење и тоа:

- налог за книжење број 0001/5 од 01.01.2012 година со кој е извршено зголемување на вредноста на залихата на резервни делови и истовремено намалување на вредноста на материјалните средства во подготовка за 2.315 илјади денари, поради непревземени активности за соодветно евидентирање на резервни делови набавени од изведувачите преку основниот договор за Пакет 4 - SCADA систем на Хидросистем Злетовица;
- налог за книжење број 0001/6 од 01.01.2012 година со кој е извршено зголемување на вредноста на залихата на резервни делови и истовремено намалување на вредноста на материјалните средства во подготовка за 417 илјади денари, поради непревземени активности за соодветно евидентирање на пресметаниот данок на додадена вредност за резервни делови набавени од изведувачите преку основниот договор за Пакет 4 - SCADA систем на Хидросистем Злетовица.

Скопје, 02.07.2012 година

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2011** |
|---|---|
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 3.778 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 3.260 |
| **Вкупни приходи од работењето** | **7.038** |
| ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 403 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 92 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 1.234 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА | 29.126 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 563 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 571 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 583 |
| **Вкупно расходи од работењето** | **32.572** |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 349 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 83.744 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | (108.929) |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (108.929) |
| **Данок од добивка** | **1.861** |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | (110.790) |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 |
|---|---|
| **Актива** | |
| **Тековни средства** | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 23.873 |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | 3.751 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 30 |
| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | 6 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 473 |
| ЗАЛИХИ | 490 |
| АВАНСИ ЗА НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА | 1.544 |
| **Вкупно тековни средства** | **30.167** |
| **Нетековни средства** | |
| МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 6.537.064 |
| **Вкупно нетековни средства** | **6.537.064** |
| **Вкупна актива** | **6.567.231** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | **5.770** |
| **Пасива** | |
| **Тековни обврски** | |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 135.503 |
| ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 10 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 20.095 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | 1 |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | 79 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **155.688** |
| **Нетековни обврски** | |
| ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ | 5.513.751 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **5.513.751** |
| **Главнина и резерви** | |
| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 1.192.860 |
| ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | 184.278 |
| ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 110.790 |
| **Вкупно главнина и резерви** | **1.266.348** |
| **Вкупна пасива** | **6.567.231** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | **5.770** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ**

| ОПИС | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕВАЛОРИЗАЦИОНИ РЕЗЕРВИ И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **1.105.558** | **-** | **948** | **1.168** | **-** | **186.394** | **921.280** |
| | | | | | - | | |
| Ревалоризациона резерва за годината | - | 3 | - | - | 2.116 | | 2.119 |
| Загуба за деловна година | - | | - | - | - | 186.394 | (186.394) |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | 87.302 | 3 | 948 | 1.168 | 186.394 | 110.790 | (207.763) |
| **Состојба 31.12.2011година** | **1.192.860** | **-** | **-** | **-** | **184.278** | **110.790** | **897.792** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2011 ГОДИНА

| | во 000 денари<br>2011/2010 |
|---|---|
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | (110.790) |
| Усогласување за Трошоци / приходи кои не предизвикуваат одлив /прилив на парични средства | |
| Амортизација | 29.126 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на краткорочни побарувања | 3.168 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 3.179 |
| **Готовински текови од работење** | **(75.317)** |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | (3.249) |
| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | 14 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | (473) |
| ЗАЛИХИ | (480) |
| АВАНСИ ЗА НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА | 437 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | (106.664) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | (27.425) |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | (15) |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | (6.322) |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | (7.363) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(226.857)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (589.542) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(589.542)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | 735.705 |
| Капитал | 87.302 |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **823.007** |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 6.608 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 17.265 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 23.873 |